19947

pres-kliping • press-clipping
NOVINSKA DOKUMENTACIJA
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 608-1-1572-1
Isečak iz lista
Newspaper cutting
НОВА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
31 X 1971

НЕСЕКОЈДНЕВИЈА И ИСКЛУЧЛИВОСТИ

# ЕДИНСТВЕНА ИЗЛОЖБА

Она што дниве се случи, секојден не се случува. Заправо, никогаш досега кај нас го немало. Станува збор за изложбата на слики и цртежи од Никола Мартиноски, што ни ги презентира нивниот сопственик колекционерот на уметнички дела Драган Весов.

**КОЛЕКЦИОНЕРОТ НА УМЕТНИЧКИ ДЕЛА ДРАГАН ВЕСОВ НИЗ СОПСТВЕН ИЗБОР НИ ГО ПРЕТСТАВУВА АКАДЕМИКОТ НИКОЛА МАРТИНОСКИ**

Пријатно е изненадувањето што за ликовната публика го приреди овој млад човек, кој, според податоците што можат да се добијат за него, никогаш не се занимавал со сликарство, дури би рекле дека тоа е мошне, мошне далеку од неговата професија, но, ете, не и од неговата потреба да го следи нашето ликовно творештво и со својот вкус да прави избор за себе. Изненадувањето е и во тоа: делата што ги презентира припаѓаат на еден ликовен творец, на Мартиноски, кои се создавани во последниве 15 години и уште едно дело датирано со 1930 година (кога е и првата самостојна изложба на Мартиноски). Оваа мала ретроспекција на сликарството на Мартиноски ја гледаме во збирката на Драган Весов.

Да потсетиме: Никола Мартиноски во 1970 година отвори своја самостојна изложба. Таа, според концепцијата на Уметничката галерија и Музејот за современа уметност, требаше да биде ретроспективна. Меѓутоа, и двете ликовни организации не можеа да добијат средства за да ја организираат изложбата, па се откажаа од потфатот. Имено, помладите колеги на Мартиноски, кои одлучуваат во фондовите за тоа која изложба ќе биде помагана, а која не, рекоа не токму за ретроспективата на Мартиноски. Какви биле нивните побуди не ќе нагаѓаме, а она што се зборуваше — дека само пред една годи на Мартиноски имал самостојна изложба, не е никакво оправдување да не се организира и друга, посебно ако се однесува на творец со огромен ликовен опус и кој и сега секојдневно твори. Но, тоа, да речеме му припаѓа на минатото, што не ќе биде светла точка некогаш, кога ќе се прелистува низ нашата културна историја, како што не е ни сега.

Сега имаме ретроспектива, би рекле, камерна, која опфаќа не 40 плодни творечки годин, туку 15, и која ни ја презентира колекционер на кого бројот на изложбите не му пречи. И таа изложба е добра изложба и сеопфатна, кога се мисли дека на неа се презентирани масла на платно, на стакло, цртежи, графики, темпера, пастел, работи репрезентатив ни што може да има еден музеј со високи барања за уметноста и минијатурни цртежи — винетки што Мартиноски многу широко ги подарувал.

Треба да се каже: уметноста има свои колекционери. Ова е доказ за тоа. Не е оставена на творците и ограничениот број институции во Републиката и таа може да му припаѓа секому. Како што му припаѓа на оној што ја сака. Ни Весов, овојпат.

**Олга СПИРКОСКА**